Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 03.01.2023

На 02.01.2023 во 19.40 часот било пријавено дека на клучка Штип од магистралниот пат Три Чешми – Кочани се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел астра" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од М.М.(37) од Пробиштип и автобус со штипски регистарски ознаки, управуван од Д.Ќ.(42) од Пехчево. Во несреќата, од здобините повреди починал сопатникот во патничкото возило, С.Т.(37) од Пробиштип, а смрт била констатирана од лекар од Итна медицинска помош. Возачот М.М. се здобил со повреди и бил пренесен во Клиничка болница во Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Штип.

На 03.01.2023 пред угостителски објект на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Д.Ч.(36) од Битола, затоа што кај него била пронајдена бела материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2023 околу 21.30 часот на патот за „Бањиче" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода С.А.(50) и А.Ј.(36), двајцата од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 02.01.2023 во 10.20 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Џ.(33) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2023 околу 19.00 часот на улица „107" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од тетовско Непроштено, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против малолетникот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.01.2023 во 16.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Ѓ.(42), А.Ш.(42) и З.Ш.(45), сите од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2023 околу 23.00 часот на патот за „Бањиче" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 43-годишниот тетовец Е.И., затоа што кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок по Законот за оружје.

На 02.01.2022 во 13.00 часот на Граничниот премин Аеродром „Св.Апостол Павле" во Охрид, полициски службеници го лишиле од слобода Е.К.(36) од Република Турција, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека хрватската патна исправа што ја приложил на увид била фалсификувана. Исто така, при преглед кај него биле пронајдени фалсификувани хрватска лична карта и хрватска возачка дозвола. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Охрид за понатамошна постапка.

На 02.01.2023 на територија на град Скопје изречени се 42 санкции за сообраќајни прекршоци, меѓу кои за возење без возачка дозвола осум санкции, 10 мерки за возење под дејство на алкохол, 11 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 02.01.2023, во периодот од 12.00 до 16.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар спроведоа акциска контрола за престигнување, во која биле санкционирани 6 прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се поднесоци и тие ќе се соочат со предвидените парични глоби кои за овој вид сообраќаен прекршок се движат од 45 до 250 евра во денарска противвредност. Вчера, исто така, на тетовското подрачје продолжија контролните активности во чие средиште беа лицата кои ги управуваат возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, но и непрописното паркирање на возилата. Санкционирани се вкупно 10 лица без возачка дозвола и 2 возачи-почетници, кои ги очекуваат парични глоби од 200 и 250 евра во денарска противвредност.

На 02.01.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на булевар „Гевгелија", С.Д.(29) од Гевгелија, управувајќи мопед „кимко" со гевгелиски регистарски ознаки, изгубила контрола и со сопатникот К.С. паднале на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Д., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија.

На 02.01.2023 во 17.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат од с.Катланово кон с.Градманци, скопско, патничко возило удрило во А.А.(54) од с.Катланово, по што го напуштило местото. А.А. починал, а смрт била констатирана од лекар од Итна медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.Д.(48) од Скопје пријавил дека во с.Кучково неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (03.01.2023) во 10.20 часот на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Т.О.(45) од с.Октиси, струшко. За него биле распишани три потерници за издржување казна затвор од вкупно осум години. По наредба на Основен суд Скопје 1 Т.О. бил баран за издржување казна од три години и три месеци за сторено кривично дело по член 247, по наредба на Основен суд Струга бил баран за издржување казна од три години и шест месеци за сторено кривично дело по член 247 и по наредба на Казнено-поправната установа Затвор Идризово бил баран за доиздржување затворска казна од една година и три месеци за сторени кривични дела по член 236 и член 246 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против М.С.(58) од с.Беловиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 20.11.2022, пријавениот се јавил на М.К.(56) од Гостивар и упатил закани кон него и негови блиски.

На 02.01.2023 во 19.25 часот во Полициската станица Шуто Оризари, 61-годишен жител на Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари, поради нарушени семејни односи и меѓусебни недоразбирања, бил физички нападнат од неговиот син М.Ц.(40) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Ш.(46), Е.Т.(30), А.З.(19), Р.И.(39) и Г.Н., сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори. Во периодот од 10.11.2022 до 25.12.2022, М.Ш. на повеќе лица корисници им продавал амфетамин и марихуана, Е.Т. продавал кокаин, марихуана, амфетамин и хашиш, додека Г.Н. посредувал во продажба на амфетамин, кој го купил од М.Ш.. Р.И., која живела заедно со М.Ш., прикривала предмети кои потекнуваат од кривично дело. На 25.12.2022, полициски службеници извршиле претрес и преглед во возилото на М.Ш., при што пронашле и одзеле пари, нож и бела грутчеста материја. Исто така, на 25.12.2022 извршен бил преглед на Е.Т. и А.З. и во возилото во кое се превезувале, при што кај Е.Т. биле пронајдени и одземени марихуана, пари и други предмети, додека кај А.З. биле пронајдени и одземени нож и мобилен телефон.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против А.Ш.(31) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 29.12.2022 во Радовиш, полициски службеници извршиле претрес во домот кај пријавениот, при што пронашле и одзеле 4.786 парчиња разновидни пиротехнички средства.

На 02.01.2023 во 12.20 часот во СВР Велес било пријавено дека во реката Вардар, во близина на мостот кај с.Кочилари, велешко, полициски службеници од Специјалната антитеристичка единица Тигар при Министерство за внатрешни работи ја пронашле почината М.К.(55) од с.Сојаклари, велешко. За неа на 31.12.2022 во СВР Велес било пријавено дека се оддалечила од домот. Увид на местото извршила екипа од СВР Велес, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.А.(20) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.04.2022 во с.Ростуше, полициски службеници извршиле преглед над пријавените, при што пронашле марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет